РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: [redacted]

Бр.03-1038/3
Скопје 13.03.2018г.

**Предмет:** Одговор на претставка

**Врска:** Допис бр. 03-1038/1 од 05.03.2018 година

Почитуван,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги детално ја разгледа Вашата претставка и изврши анализа на програмските сервиси на државно ниво во делот на известувањето за темата на која се однесува таа.

Мониторингот на содржините од информативните програми на посочените медиуми покажа дека во прилозите во кои известуваат за прашањето за користење моторни возила/бесплатен јавен превоз до Средно Водно, тие се повикуваат на изјавите на градоначалникот на Град Скопје Петре Шилегов, како релевантен извор. Со оглед на тоа дека изјавите се визуелно претставени во прилозите, Агенцијата не наоѓа елементи за реакција кон медиумите.

Имајќи предвид дека во Претставката посочувате на сериозни последици за стопанските субјекти кои стопанисуваат на Средно Водно, а кои произлегуваат од одлуките на Советот и на градоначалникот на Град Скопје, Агенцијата го извести градоначалникот за Вашиот допис. Во прилог Ви го доставуваме дописот до Град Скопје и градоначалникот Петре Шилегов за нивно евентуално натамошно постапување.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. „Македонија" бр.38,
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Град Скопје
За: Петре Шилегов, градоначалник

Бр. 03-1038/2

Скопје 13.03.2018г.

Предмет: Информација за претставка

Врска: Допис бр. 03-1038/1 од 05.03.2018 година

Почитуван,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 5 март 2018 година, прими претставка за известувањето на неколку медиуми што емитуваат програма на државно ниво во врска со „Одлуката за забрана на сообраќајот од Скопје до Средно Водно за возила и мотори за време на викенди и празници во траење од 09:00 до 16:00 часот". Подносителот на претставката, во име на стопанските субјекти кои стопанисуваат на Средно Водно, тврди дека медиумите лажно информирале со што им нанеле „материјална штета, како и штета врз името и угледот во тековното работење".

Во прилог на претставката е доставен и извод од Службениот гласник на град Скопје, бр. 11 од 21.11.2017 година кој се однесува на Одлуката за утврдување краткорочни мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух на подрачјето на град Скопје во која, како што се вели, забраната за сообраќај до Средно Водно „не е донесена видно". Затоа подносителот на претставката бара медиумите да ги демантираат овие информации „со цел јавноста и граѓаните да ја дознаат објективната ситуација".

Нашата проверка на информативната програма на медиумите покажа дека тие, во прилозите во кои известуваат за ова прашање, се повикуваат на Вашите изјави, како градоначалник на Скопје. Оттаму, Агенцијата не наоѓа елементи за реакција кон медиумите.

Имајќи предвид дека основата на претставката се одлуките на Советот и на градоначалникот на Град Скопје и нивното влијание на стопанските субјекти кои стопанисуваат на Средно Водно, во прилог Ви ја доставуваме претставката за Ваше информирање и евентуално натамошно постапување.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

.....................................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. „Македонија" бр.38,
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

[redacted]

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 05.03.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1038 | 1 | |

0302

До

Агенција за аудио и аудиовизуелни комуникации на РМ

Од ресторан Старо Скопје, хотел Водно, црква Света Мала Богородица, Центар за биоенергетика, сите лоцирани на Средно Водно

**БАРАЊЕ**

Почитувани,

Ве информираме дека на 21.11.2017 година, средствата за јавно информирање Телма, Канал 5, Алфа ТВ, Вести 24, Радио Бубамара, во своите информативни програм, односно во пладневните и вечерните вести, како и со кајрони кои одеа на екраните, објавија информација дека град Скопје на седница на Советот одржана на 21.11. 2017 година има донесено Одлука за забрана на сообраќајот од Скопје до локалитетот Средно Водно за возила и мотори за време на викенди и празници во траење од 09:00 до 16:00 часот. Ви укажуваме дека ваква Одлука воопшто не е донесена видно од Службен гласник на град Скопје број 11 од 21.11.2017 година. Со ова информација, на стопанските субјекти кои стопанисуваат на Средно Водно ни е причинета ненадоместлива материјална штета, како и штета врз нашето име и углед во тековното работење. Ова, од наведеното, е невистинито и лажно информирање со нанесување на штета на трети лица и Ве молиме, согласно Вашите надлежности да поведете соодветни постапки во рамки на Вашите надлежности против горенаведените средства за јавно информирање, односно истата информација да биде демантирана, а нам да ни се овозможи пристап до истите со цел јавноста и граѓаните да ја дознаат објективната ситуација вистината.

Во прилог доставуваме Извод од Службен гласник на град Скопје број 11 од 21.11.2017 година.

Подносител

[redacted]

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ГРАД СКОПЈЕ



| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Град Скопје<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 21 ноември 2017 година<br>Скопје<br><br>Број 11 год LVIII | Претплата за 2017 год.<br>изнесува 3000,00 денари<br>Овој број чини 200,00 денари |



Скопје, ноември 2017 година

Neni 6

Ky vendim hyn në fuqi ditën e shpalljes në "Lajmëtari zyrtar i Qytetit të Shkupit".

214.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02) и одредбите од Краткорочниот акционен план за заштита на амбиентниот воздух во град Скопје и општините во град Скопје, Советот на Град Скопје на втората седница, одржана на 20 ноември 2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување краткорочни мерки за намалување на загадувањето на амбиентниот воздух на подрачјето на град Скопје**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат краткорочни мерки за намалување на загадувањето на амбиентниот воздух на подрачјето на град Скопје и се определува начинот за нивно спроведување.

Член 2

Заради заштита на амбиентниот воздух од загадување и заштита на Парк шумата Водно се воведува бесплатен автобуски превоз на линијата број 25 (Транспортен центар-Средно Водно) во деновите на викенд (сабота и недела) и државни празници.

Се задолжува Градоначалникот на Град Скопје да донесе акт со кој ќе се воспостави пробни автобуски линии на релацијата Автомакедонија-Средно Водно и Дом на печат-Средно Водно за време на викенди (сабота и недела) и државни празници.

Бесплатниот автобуски превоз на линиите од став 1 и 2 на овој член ќе се врши без соодветен возен документ.

Член 3

Во услови на надминување на праговите на алармирање на загадувачките супстанции во амбиентниот воздух на подрачјето на град Скопје, превозот на сите линии во јавниот градски и приградски превоз на патници на подрачјето на град Скопје ќе се врши бесплатно.

Градоначалникот на Град Скопје со решение ќе го утврдува времетраењето (почетокот и завршувањето) на бесплатниот превоз во склад со параметрите на загаденост утврдени со Краткорочниот акционен план за заштита на амбиентниот воздух во град Скопје и општините во град Скопје.

Член 4

Градот Скопје преку Јавното претпријатие Градски паркинг за време на викенди (сабота и недела) и државни празници ќе обезбеди бесплатно паркирање во катната гаража Македонска фаланга и паркингот Дом на печат

Член 5

Градот Скопје преку Буџетот на Град Скопје ќе обезбеди средства за соодветно покривање на трошоците кои ќе настанат од бесплатниот превоз, односно бесплатното паркирање во деновите на викенди (саботи и недели) и државни празници.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".